„Наредено ми е да се борам против луѓето сè додека не посведочат дека нема друго божество освен Аллах и дека Мухамед е Аллаховиот пратеник, сè додека извршуваат намаз и даваат зекат

Ибн Омер, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Наредено ми е да се борам против луѓето сè додека не посведочат дека нема друго божество освен Аллах и дека Мухамед е Аллаховиот пратеник, сè додека извршуваат намаз и даваат зекат. Ако направат вака, тогаш им се безбедни и животите и имотите, освен ако направиле престап против прописите на исламот, а за останатото ќе бидат одговорни пред Аллах.“

[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, нè известил дека Аллах му наредил да се бори против многубошците сè додека не посведочат дека нема друг вистински бог освен Аллах, Кому никој не му е рамен, и дека Мухамед е Неговиот пратеник, и да постапуваат според она што се бара, како што е: клањањето на петте намази во текот на денот и ноќта и давањето на задолжителниот зекат на оние за кои е наменет. Кога овие дела практично ќе ги извршат, според исламот, нивниот живот и имот ќе бидат заштитени. Затоа, не е дозволено да се убиваат таквите, освен ако не направат дело заради кое е пропишана смртна казна, според исламските правила. А потоа на Судниот ден, Возвишениот Аллах ќе се пресмета со нив, бидејќи само Тој ги знае нивните тајни.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4211